Во рамките на своите програмски активности Комисијата за финансии и буџет на Советот на општина Битола врз основа на член 9 од Одлука за определување на критериуми за одредување на финансиска помош од Буџетот на Општина Битола („Сл.Гласник на општина Битола"бр.15/08 и 12/09), Методологијата за определување на критериуми за доделување на финансиска помош на здруженија на граѓани и фондации од буџетот на општината Битола („Службен гласник на општината Битола" бр.5/16) и Стратегија за локален економски развој 2023-2027 објавува

ЈАВЕН ПОВИК
за доделување на финансиски средства од Буџетот на општина Битола на здруженија на граѓани и фондации за 2026 година

1.Распределбата на средствата за здруженијата/фондации од Буџетот на општина Битола во висина од 500.000,00 денари (петстотини илјади денари) се врши преку грантови за проекти во приоритетни области и цели кои се однесуваат на:

-локален економски развој,
-образование,
-култура,
-здравство,
-екологија
-социјална заштита

2.Критериуми за аплицирање

2.1.Основни организациски критериуми кои треба да ги исполнуваат здруженијата и фондациите се:

-Да се регистрирани согласно Закон за здруженија и фондации („Службен весник на РМ" бр.52/10, 135/11 и 55/16) и
-Да имаат седиште во општина Битола

2.2.Посебни проектни критериуми врз основа на кои ќе се врши проценка на квалитетот на проектите на здруженијата и фондациите се:

| Критериуми | Бодови |
|---|---|
| 1.Организациски капацитет (профил, капацитет, релевантно искуство) | 20 |
| 2.Релевантност на акцијата/проектот со приоритетната област (анализа на проблемот, актуелност, целна група) | 30 |
| 3.Опис на акцијата/проектот (цели, резултати, активности, пристап) | 20 |
| 4.Ефекти во локалната средина (влијание врз целни групи, одржливост) | 15 |
| 5.Буџет (соодветно изразени активности во буџетот и оправданост на трошоците) | 15 |
| Максимум бодови | 100 |

*За да биде квалификувана за финансиска поддршка, апликацијата мора да освои најмалку 50 бодови

3.Временската рамка за спроведување на проектите е до крајот на фискалната година, односно до 31.12.2026 година.

4.Висината на финансиските средства кои можат да се добијат за поединечен проект на здружение/фондација изнесуваат најмногу до 50.000 денари.

4.1.Здруженијата/фондациите имаат право да поднесат една или повеќе апликации за финансиска поддршка, од кои само една може да биде одобрена по избор на Комисијата за финансии и буџет.

4.2.Повеќе здруженија може да аплицираат заеднички со еден предлог проект.

**5.Потребна документација за пријавување**

5.1.Заинтересираните здруженија/фондации потребно е да ја достават следната документација:

-Пополнет Образец пријава и предлог проект (достапен на веб страната и шалтерите во општина Битола)

-Пополнет Образец за извештај за искористени средства за 2025 година - за оние кои добиле средства во претходната година (достапен на веб страна и шалтерите во општина Битола)

-Тековна состојба од Централен регистар на РМ (копија или оригинал) - не постара од 6 (шест) месеци

5.2.Документацијата се доставува до Општина Битола-Комисија за финансии и буџет, Булевар „1-ви Мај“ бр.61, во рок од 15 дена, **почнувајќи од 10.02.2026 година, заклучно со 24.02.2026 година.**

6.Користење на доделените средства

6.1.Начинот на користење на финансиските средства ќе биде специфициран во договорот кој ќе биде склучен помеѓу здружението/фондацијата и општина Битола.

6.2.Комисијата за финансии и буџет го следи наменското трошење на доделените средства.

Бр.09-20/1
10.02.2026 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на општина Битола
Бојан Бојкоски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • СОВЕТ НА ОПШТИНАТА • ОПШТИНА БИТОЛА